Врз основа на член 13 од Статутот на Агенцијата за катастар на недвижности бр.01-8263/20 од 31.07 2008година, а во врска со член 88 став 5 и член 89 став 8 од Законот за катастар на недвижности ( Службен весник на Република Македонија број 40/08), Управниот одбор на Агенцијата за катастар на недвижности на седницата одржана на ден 04.11.2008 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

*За висина на надоместокот за издавање лиценца за вршење на геодетски работи и за донесување на решение за исполнетост на условите потребни за вршење на геодетските работи на подружниците*

1. Висината на надоместокот за издавање лиценца за вршење на геодетските работи од страна на трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи се одредува во износ од **10.000,00** денари.
2. Висината на надоместокот за вршење увид во исполнетост на условите потребни за вршење на геодетските работи на подружниците и донесување решение, се одредува во износ од **7.500,00** денари.
3. Износот од став 1 и став 2 на оваа одлука, трговците поединци овластени геодети и трговските друштва за геодетски работи се должни да го уплатат при поднесување на барањето за издавање лиценца, односно решение за исполнетост на условите за вршење на геодетските работи, на сметка на Агенцијата за катастар на недвижности, **на образец ПП 50, жиро сметка 2100100 450 787 11, приходна шифра 725939 20.**
4. На претседателот и членовите на Комисијата која ја утврдува исполнетоста на условите потребни за издавање на лиценца/решение, односно на нивните заменици, од средствата уплатени на сметката на Агенцијата за катастар на недвижности им се исплатува награда и тоа како следи:
   - на претседателот на комисијата, односно на неговиот заменик му се исплатува награда во износ од **800,00** денари од секој поединечно уплатен износ на средствата од став 1 и став 2 на оваа одлука.
   - на членовите на комисијата, односно на нивните заменици им се исплатува награда во износ од **700,00** денари од секој поединечно уплатен износ на средствата од став 1 и став 2 на оваа одлука.
   - Во износот на средствата од овој член не е вклучен персонален данок на доход. Персоналниот данок на доход е на товар на Агенцијата за катастар на недвижности.
5. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласна табла на Агенцијата за катастар на недвижности.

**Претседател на Управен одбор**

______________________________

**Славче Трпески**